# ПРИМЕРИ НА ПОМОШ ШТО ЈА ОБЕЗБЕДУВА АгБиз

» Меѓународни експерти за помош на компаниите за планирање и примена на проекти за експанзија;

» Финансиска поддршка за намалување на ризикот поврзан со нови пазари, развој на нови производи и влез особено на извозните пазари;

» Финансиска поддршка за еднократни трошоци поврзани со помош на преработувачите и маркетерите при воспоставување на одржливи врски со добавувчите на суровини;

» Техничка и финансиска поддршка за помош на производителите и нивно организирање во одржливи и конкурентни групации;

» Техничка и финансиска поддршка за подготовка и примена на транзицијата од индустриска или продажба на големо во продажба на производи со додадена вредност;

**Забелешка:** целата поддршка која ја обезбедува АгБиз Програмата е на база на заедничко финансирање на трошоците.


**УСАИД АгБиз Програма**

ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.57 • 2 кат

1000 Скопје • Република Македонија

Тел.: (+389 2) 321 7060 • Факс: (+389 2) 321 7060 лок.111

**www.agbiz.com.mk**


# КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ КОИ ГИ КОРИСТИ АгБиз

Дали проектот:

» Е дел од еден од избраните синџири на вредност?

» Е во согласност со целите на македонската Влада и ЕУ интеграцијата?

» Може да се примени во следните две години?

» Има мали можности да придонесе за негавни влијанија врз човековата околина?

» Го зголемува извозот или го заменува увозот, т.е. зголемување на делот од пазарот (локален или извозен) на земјоделски производи со македонско потекло?

» Зголемува вработеност?

» Има корист за голем број на луѓе?

» Е одржлив (менаџерски, економски, еколошки, социјално)

» Ќе постигне компаративна и/или конкурентска предност на добро идентификуван пазар?

» Ќе стимулира премин на производи со помала во поголема додадена вредност?

» Има учесници кои ќе обезбедат значителен дел од вкупните трошоци?

» Има учесници со добро разбирање и изводливи планови да се справат со потецијални предизвици или пречки кои можат да се појават кај производите, под-секторите и во деловното окружување?


design & print: reprint


USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE





# АгБиз Програма















# КОИ СМЕ НИЕ






**АгБиз Програмата** е финансирана од УСАИД и се имплементира од страна на ARD, Inc. Преку иновација и водство, ARD, Inc. им помага на луѓето низ целиот свет да создадат неопходни услови за успешен економски развој. Од нејзиното основање во 1977 година, оваа компанија предводеше повеќе од 600 проекти во Африка, Азија, Европа, Евроазија, Латинска Америка и Карибите.

Целта на АгБиз е да го зголеми економскиот раст во Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, оспособувајќи ги производителите и преработувачите да се конкурентни на регионално и глобално ниво. Со тоа ќе се овозможат поголеми приходи за преработувачите и производителите, а конечно и поголеми даночни приходи за владата.

# НАШИТЕ ЦЕЛИ



Со поддршка на растот на земјоделскиот и агробизнис секторот во македонската економија, АгБиз ќе овозможи:

- Агробизнисите да ги разберат, да идентификуваат и да влезат на нови извозни пазари за храна и пијалоци;
- Зголемување на капацитетот на производителите и преработувачите за да можат да ги разберат и да ги задоволат барањата на пазарот за прехрамбени производи со додадена вредност;
- Зајакнување на пазарните врски помеѓу производителите, преработувачите и трговците;
- Подобрување на управувањето и работењето на фирмите долж целиот синџир на вредности;
- Генерирање на поголеми приходи на земјоделските производители и преработувачи и создавање на можности за нови вработувања.

# ШТО ПРАВИМЕ






**АгБиз програмата** ќе промовира поголема конкурентност и посилни поврзувања на ланците на вредност и тоа на следните начини:

**Брза идентификација на трансакциите:** Секоја интервенција на АгБиз програмата мора да води кон комерцијално остварливи и одржливи трансакции. Долготрајните трговски релации се секогаш базирани на серии од успешни, зачестени и позитивни приливи на парични средства и трансакции кои генерираат профит, а кои со текот на времето градат взаемна доверба.

**Приоритет на суб-секторите и синџирот на вредност:** Со оглед на фактот што АгБиз мора да зајакне и да ги фокусира своите ресурси за да постигне оптимални резултати, ние ќе ги поддржиме активностите за зголемување на конкурентноста преку ограничен број на синџири на вредност со високи можности. Овие таргетирани синџири на вредност ќе бидат истражени и идентификувани во Првата фискална година, а нивната конкурентност ќе биде зајакната во наредните години.

**Можност за зајакнување на конкурентноста на синџирот на вредност и идентификација на ограничувањата:** Идентификацијата на најперспективните таргетни пазари ќе биде постигната во тесна соработка со учесниците во подоцнежните врски во избраните синџири на вредност, и по потреба преку пазарно засновани истражувања.

**Поддршка за програмскиот развој и имплементација:** Поддршката на АгБиз ќе биде структурирана како пакет услуги кои и се потребни на една фирма, или група фирми или производители (клиенти на АгБиз) во избраните синџири на вредност. Може да обезбедува директна техничка поддршка за клиентите преку одобрени проекти за поддршка, и/или да го подели трошокот за имплементација на проектот со клиентот со цел да се постигне добивка од идентификуваните можности и/или да се надминат пречките за конкурентност на високо-развиените пазари.

**Функционални и институционални реформи:** Кога ќе бидат идентификувани приоритетните политики и/или институционални ограничувања, АгБиз ќе го стимулира дијалогот со Владата на Македонија преку бизнис асоцијации и УСАИД. Ќе го зајакнеме капацитетот на локалните асоцијации за поефективно да лобираат врз владините претставници и да се залагаат за создавање услови и опкружување кое ќе ги поддржуваа конкурентните и одржливи легитимни трансакции.

**Обезбедено финансирање за клиентите:** АгБиз, работејќи во заедништво со партнерот Crimson Capital, ќе им помогне на клиентите во избраниот синџир на вредност да обезбедат ефективно финансирање на нивните проекти, што значи активности за зајакнување на нивната конкурентност и склучување продажни договори. Како дополнување на финансирањето преку банка, ќе ги истражиме и промовираме трговското финансирање, лизингот, капиталот во акции и други финансиски продукти, како и програмите за гаранција на заемот, како што е Канцеларијата за развојни кредити на УСАИД, и иновативното јавно-приватно партнерство поврзано со Глобалната развојна алијанса на УСАИД.